Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

# ИНФОРМАЦИЈА
# за примена на Законот за нотаријатот
# за 2021 година

**јуни 2022 година**

Изготвиле: Лидија Којчева-Раководител на одделение
Славица Велкоска-советник
Васко Неловски-помлад соработник

Контролирал: Владимир Јанковски
Помошник раководител на сектор

Согласен: Радица Лазареска-Геровска,
Државен советник

## 1. ВОВЕД

Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2021 година, е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година и има за цел да ги презентира податоците за спроведување на Законот за нотаријатот за 2021 година од аспект на вршењето на редовната нотарска служба, односно вкупниот број на примени предмети од нотарите, финансиското работење на нотарите, наплатената судска такса, постапувањето на нотарите по оставинските предмети како повереници на судот, издавањето на решенија за нотарските платни налози, постапувањето по старите извршни предмети пренесени од судовите на нотарите по барање на доверителите, надлежноста да составуваат и потврдуваат задолжници согласно Законот за задолжница, бројот на именувани нотари и нотари на кои им престанала службата, податоци за бројот и ефектите од извршени редовни надзори и надзори по конкретни предмети на нотарите, поднесени предлози за поведување на дисциплински постапки против нотарите од страна на Министерот за правда како овластен предлагач, изречените дисциплинските мерки на нотарите кои сториле дисциплински повреди и соработката помеѓу Министерството за правда и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

## 2. ЛЕГИСЛАТИВА

Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/96) за прв пат е донесен во Република Северна Македонија во 1996 година, а со примена започна на 1- ви октомври 1997 година. Како резултат на заложбите на Република Северна Македонија за следење на современите европски текови со цел за унапредување на нотаријатот, Законот за вршење на нотарските работи неколку пати беше изменуван и дополнуван, по што во 2007 година се донесе нов Закон за нотаријатот, чија имплементација предизвикува различно толкување кај нотарите и остави можност за различно постапување. Во 2016 година се донесе третиот Закон за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), кој во декември 2018 година („Службен весник на РМ“ бр. 233/18), беше изменет согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2021, а чија цел беше надминување на констатираните слабости кои произлегуваа од примената на законот.

Нотаријатот е востановен како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции, кој позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем, а особено влијаеше врз унапредувањето и зголемувањето на правната сигурност.

Од 01.07.2019 година, согласно Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на РМ" бр. 226/16, 80/17 и 110/18), започна водењето на уписниците и имениците во електронска форма, според кој нотарите електронски ги вршат уписите во нотарските деловни книги (Општиот деловен уписник, Уписникот за заверки и потврди, Уписникот за доверени работи, Уписникот за нотарски платни налози), со исклучок на Уписникот за протести и Книгата за потписи, што е значителен исчекор напред во однос на дотогашното водење на нотарските деловни книги.

Воедно, од 1 јули 2019 година, Нотарската Комора започна со водење на регистар на тестаменти во електронска форма. Законската основа на овој регистар е пропишана со Законот за нотаријатот, а содржината, формата и начинот на уписот се уредени со Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија. Со воведувањето на оваа новина Република Северна Македонија се приклучи во редот на европските земји кои веќе години наназад го имаат овој регистар. Со регистарот на тестаменти што го води Нотарската комора, се овозможува намалување на евентуални можни спорови и заштита на правата на наследниците при водењето на оставинската постапка од страна на нотарите. Нотарска комора има донесено Правилник за упис на тестаментот во Регистарот на тестаменти.

Според наведениот Правилник, нотарот кој составил тестамент, пристапува во Регистарот на тестаменти, креира барање за упис на тестаментот кон кое барање ја приклучува и уплатницата за уплатена судска и нотарска награда. Наведеното барањето пристигнува во Нотарската комора, која проверува дали истото е во ред кое потоа автоматски се регистрира во Регистарот на тестаменти. На нотарот автоматски му стигнува потврда дека тестаментот е упишан во Регистарот на тестаменти. Секој нотар кој ја врши нотарската служба во Република Северна Македонија, може да се приклучи кон Регистарот на тестаменти и да види дали некој оставител изразил волја да ја распредели својата оставина со тестамент според неговиот ЕМБГ и дали е впишан во Регистарот на тестаменти. Во досегашното работење Нотарската комора нема случај кога тестаторот кој составил судскиот тестамент истиот да се пријави и во Регистарот на тестаменти кој го води Нотарската комора.

Согласно Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/08), нотарите постапуваат како повереници на судовите во однос на неспорните оставински предмети.

Со Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) беше реализиран трансферот на старите судски предмети поднесени врз основа на веродостојни исправи за кои судот има донесено неправосилни решенија, а воедно целосно беше пренесена надлежноста нотарите да донесуваат решенијата со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа.

Согласно одредбите на Законот за задолжница („Службен весник на РМ" бр.59/12 и 12/2014), нотарите се овластени да составуваат и заверуваат задолжници како потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност, побарувањето на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Според одредбите на член 153 став (5) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година да достави писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој го наведува вкупниот број на уписи,

висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатената такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството.

Податоците користени и анализирани во оваа Информација се преземени од писмениот извештај на Нотарската комора на Република Северна Македонија, за 184 нотари, при што недостасуваат податоци за тројца нотари и тоа за трошоци во работењето и за остварената добивка од еден нотар од Тетово на кој во мај 2020 година му престана нотарската служба поради навршување на 64 години, од еден нотар од Струмица недостасуваат податоци за наплатена судска такса и за трошоци во работењето на кој во април му престана нотарската служба поради навршување на 64 години, а еден нотар од Скопје, на кој по негово барање му престана нотарската служба во февруари 2021 година, не доставил податоци за финансиското работење за 2020 година.

### *3.1 Надлежност на нотарите да спроведуваат оставински постапки како доверена работа од судовите*

Во рамките на надлежноста на нотарите во својство на повереници на судот да постапуваат по оставинските предмети во кои што начинот на распределба на имотот е неспорен, во 2021 година вкупниот број на оставински предмети доверени од судовите на постапување на нотарите изнесува 21.873 предмети, од кои решени и правосилни се вкупно 15.793 оставински предмети или 72,2 % од доверените предмети од судовите.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед за примени оставински предмети, решени оставински предмети во календарската 2019 година, 2020 година и 2021 година, и процентот на успешност на решавање на овие предмети по подрачјата на основните судови на кои се именувани нотарите.

ТАБЕЛА 1: Оставини

| ПОДРАЧЈЕ | ОСТАВИНИ 2019 | РЕШЕНИ ОСТАВИНИ 2019 | ОСТАВИНИ 2020 | РЕШЕНИ ОСТАВИНИ 2020 | ОСТАВИНИ 2021 | РЕШЕНИ ОСТАВИНИ 2021 | Процент на зголемување/намалување решени оставински предмети споредбено 2020/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 6187 | 3266 (52.7%) | 4953 | 2659 (53,6%) | 6670 | 4319 (64,7%) | 62% |
| Битола | 1425 | 694 (48,7%) | 1336 | 608 (45,5%) | 1945 | 1472 (75,6%) | 142% |
| Берово | 194 | 80 (41,2%) | 207 | 71 (34,2%) | 264 | 177 (67%) | 149% |
| Велес | 513 | 327 (63,7%) | 561 | 356 (63,4%) | 702 | 545 (77,6%) | 53% |
| Виница | 103 | 89 (86,4%) | 108 | 98 (90,7%) | 170 | 143 (84,1%) | 46% |
| Гевгелија | 350 | 224 (64%) | 290 | 195 (67,2%) | 377 | 274 (72,6%) | 40% |
| Гостивар | 622 | 410 (65,9%) | 602 | 366 (60,7%) | 926 | 636 (68,6%) | 74% |
| Дебар | 242 | 165 (68,1%) | 212 | 151 (71,2%) | 366 | 148 (40,4%) | -1,9% |
| Делчево | 180 | 137 (76,1%) | 155 | 119 (76,7%) | 224 | 175 (78,1%) | 47% |
| Кичево | 522 | 376 (72%) | 406 | 297 (73,1%) | 763 | 577 (75,6%) | 94% |
| Кочани | 363 | 275 (75,7%) | 281 | 211 (75%) | 458 | 377 (82,3%) | 79% |
| Куманово | 988 | 750 (75,9%) | 709 | 539 (76%) | 1296 | 1174 (90,5%) | 118% |
| Кратово | / | / | / | / | 100 | 6 (6%) | / |
| Кавадарци | 272 | 154 (56,6%) | 314 | 242 (77%) | 497 | 468 (94,1%) | 93% |
| Кр.Паланка | 283 | 36 (12,7%) | 321 | 68 (21,1%) | 370 | 129 (34,8%) | 90% |
| Крушево | 68 | 53 (77,9%) | / | / | 121 | 101 (83,4%) | / |
| Неготино | 297 | 179 (60,2%) | 241 | 142 (58,9%) | 249 | 189 (75,9%) | 33% |
| Охрид | 568 | 265 (46,6%) | 777 | 316 (40,6%) | 971 | 457 (47%) | 45% |
| Прилеп | 1518 | 1005 (66,2%) | 1210 | 691 (57,1%) | 1381 | 1110 (80,3%) | 61% |
| Радовиш | 33 | 30 (90,9%) | 172 | 146 (84,8%) | 261 | 242 (92,7%) | 66% |
| Ресен | 244 | 149 (61%) | 249 | 146 (58,6%) | 246 | 184 (74,7%) | 26% |
| Струга | 468 | 255 (54,4%) | 463 | 234 (50,5%) | 508 | 309 (60,8%) | 32% |
| Струмица | 638 | 429 (67,2%) | 411 | 280 (68,1%) | 704 | 518 (73,5%) | 85% |
| Св.Николе | 132 | 88 (66,6%) | 117 | 88 (75,2%) | 209 | 182 (87%) | 107% |
| Тетово | 961 | 841 (87,5%) | 940 | 858 (91,2%) | 1564 | 1406 (89,8%) | 64% |
| Штип | 500 | 335 (67%) | 384 | 268 (69,7%) | 555 | 475 (85,5%) | 77% |
| ВКУПНО | 17671 | 10612 (60%) | 15419 | 9149 (59,3%) | 21873 | 15793 (72,2%) | 73% |

Анализирајќи ги податоците за бројот на вкупно примените оставински предмети во текот на 2021 година (21.873 предмети) со бројот на вкупно примените оставински предмети во календарската 2020 година (15.419 предмети), постои зголемување на вкупно примените оставински предмети за 6.454 предмети, што изразено во проценти претставува зголемување за 73%.

Анализирајќи го процентот на решените оставински предмети, од аспект на бројот на примените во текот на 2021 година, забележителен е значителен раст на ефикасноста на нотарите. Имено, 72,2% од бројот на примените предмети, се решени, што претставува 73% раст во споредба со 2020 година. Забележителен е и номинален раст на решените предмети во 2021 година (15.793) за 6.644 предмети, односно 73,3% во споредба со 2020 година, кога вкупниот број на решени оставински предмети изнесувал 9.149 предмети.

Најмала ефикасност во решавањето на доверените оставински предмети во 2021 година прикажуваат нотарите од подрачјето на Основниот суд во Кратово со 6% и  Основниот суд во Крива Паланка со 34,8% и Дебар со 40,4%, решени оставински предмети.

Најголема ефикасност во решавањето на доверните оставински предмети во 2021 година прикажале нотарите од подрачјето на Основниот суд во Кавадарци со 94,1%, потоа Радовиш со 92,7% и  Куманово со 90,5%  решени оставински предмети.

Пораст на ефикасноста на нотарите во решавањето на оставинските предмети во 2021 година, споредбено со 2020 година е забележан на речиси сите подрачја со исклучот на подрачјето на Основниот суд во Дебар од кои најголем раст има во  Берово со 149%, Битола со 142% и Куманово со 118%.

***3.2 Надлежност на нотарите да постапуваат по старите извршни предмети од судовите.***

Од 01 јули 2011 година започна трансферот на старите извршни предмети од судовите кај овластените нотари, по барање на доверителите кои се произнеле дека сакаат предметот да им биде пренесен на понатамошно постапување кај одреден нотар, за што доверителите требаше да доставаат изјави до судовите најдоцна до 31.12.2011 година. Притоа нотарите имаа примарна задача да извршат достава на

решенијата со кои се дозволува извршување до должникот и доколку нема приговор, нотарите ставаат клаузула на правосилност и извршност и се основ за присилно извршување преку извршител. Иако целокупниот процес требаше да заврши годините наназад, интересно е дека сеуште се јавуваат вакви предмети кај нотарите, па така за потребите на анализата изготвен е табеларен преглед за бројот на примени стари извршни предмети за календарската 2018 година, 2019 година, 2020 година и 2021 година, колку од нив станале правосилни и извршни, изразени и процентуално по подрачјата на основните судови на кои се именувани нотарите.

**ТАБЕЛА 2 :** стари извршни предмети

| Подрачја на нотарите | Примени стари извршни предмети | Правосилни и извршни (број и процент) | Примени стари извршни | Правосилни и извршни (број и процент) | Примени стари извршни предмети | Правосилни и извршни (број и процент) | Примени стари извршни предмети | Правосилни и извршни (број и процент) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
| Скопје | 89 | 30 (33,7%) | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Битола | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Берово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Виница | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 9 | 1 (11,1%) | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кратово | | | 0 | 0 | | | 0 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кр. Паланка | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 | | | 0 | 0 |
| Неготино | 7 | 5 (71,4%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 2 | 1 (50%) | 1 | 0 | 1 | 1 (100%) | 0 | 0 |
| Радовиш | | | 33 | 126 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струга | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струмица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Штип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | 108 | 37(34,3%) | 36 | 127 | 3 | 1 (33,3%) | 0 | 0 |

Споредувајќи ги апсолутните бројки на стари извршни предмети за 2020 и 2021 година, забележителен е драстичен пад на бројот на предметите по овој основ во 2021 година. Па така во 2020 година од судовите кај нотарите бил трансфериран вкупно 1 предмет, во 2021 година оваа бројка изнесува 0 предмети. Имено, имајќи ги во предвид податоците дека не се евидентирани никакви бројки кај овие предмети за 2021 година се чини дека укажуваат на фактот дека процесот на трансферот на старите извршни предмети од судовите кај нотарите, најпосле завршува, цели 10 години од креирањето на законската основа за трансферот, и дека судовите во државата веќе целосно ги расчистија старите извршни предмети, примани заклучно со мај 2006 година.

### *3.3 Надлежност на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог*

Примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16, 142/16 и 233/18 ), со кој воведе нотарскиот платен налог и се пропиша дека нотарите издаваат решенија за нотарски платен налог врз основа на веродостојни исправи, а судот во процесот се инволвира само по приговори против решенијата донесени од нотарите, при што постапуваат согласно одредбите на Законот за парничната постапка во постапка по приговор на платен налог.

За потребите на анализата изготвен е Табеларен преглед на број на примени предлози за издавање на решение за нотарски платен налог, колку од примените предмети се правосилни и извршни и процентот на решавање на примените предмети.

**ТАБЕЛА 3:** предлози врз основа на веродостојна исправа

| ПОДРАЧЈЕ | Предлози врз основа на веродостојна исправа | Правосилни и извршни решенија 2019 (во број и %) | Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог | Правосилни и извршни решенија 2020 (во број и %) | Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог | Правосилни и извршни решенија 2021 (во број и %) | Процент на зголемување/намалување правосилни извршни решенија споредбено 2020/2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | | **2020** | | **2021** | | |
| **Скопје** | 86247 | 32286 (37,4%) | 78636 | 33717 (42,8%) | **115484** | **43749 (38%)** | 30% |
| **Битола** | 6479 | 3931 (60,6%) | 3847 | 2818 (73,2%) | **6908** | **5221 (75%)** | 85% |
| **Берово** | 580 | 374 (64,4%) | 739 | 583 (78,8%) | **674** | **515 (76%)** | -12% |
| **Велес** | 4416 | 3131 (70,9%) | 5577 | 3100 (55,5%) | **4649** | **3335** | 7% |
| **Виница** | 1112 | 433 (38,9%) | 517 | 430 (83,1%) | **989** | **508** | 18% |
| **Гевгелија** | 3659 | 2582 (70,5%) | 3196 | 2450 (76,6%) | **3346** | **2764** | 13% |
| **Гостивар** | 6229 | 2696 (43,2%) | 4504 | 2066 (45,8%) | **4495** | **2841** | 37% |
| **Дебар** | 421 | 272 (64,6%) | 394 | 294 (74,6%) | **487** | **401** | 36% |
| **Делчево** | 547 | 385 (70,3%) | 516 | 400 (77,5%) | **647** | **412** | 3% |
| **Кичево** | 1795 | 1304 (72,6%) | 1730 | 1114 (64,3%) | **2129** | **1447** | 30% |
| **Кочани** | 6794 | 3391 (49,9%) | 3488 | 2298 (65,8%) | **4922** | **2981** | 30% |
| **Куманово** | 8593 | 5537 (64,4%) | 5930 | 3725 (62,8%) | **11344** | **8503** | 128% |
| **Кратово** | / | / | / | / | **212** | **92** | / |
| **Кавадарци** | 2562 | 1034 (40,3%) | 2826 | 1890 (66,8%) | **3420** | **2802** | 48% |
| **К.Паланка** | 525 | 440 (83,8%) | 526 | 410 (77,9%) | **761** | **587** | 43% |
| **Крушево** | 362 | 296 (81,7%) | / | / | **314** | **282** | / |
| **Неготино** | 1212 | 1056 (87,1%) | 936 | 733 (78,3%) | **1409** | **1150** | 57% |
| **Охрид** | 8433 | 3341 (39,6%) | 7118 | 1575 (22,1%) | **7527** | **1786** | 13% |
| **Прилеп** | 6585 | 4345 (65,9%) | 6515 | 5254 (80,6%) | **6700** | **5196** | -1% |
| **Радовиш** | 228 | 117 (51,3%) | 1172 | 1142 (97,4%) | **1394** | **1264** | 11% |
| **Ресен** | 615 | 452 (73,49%) | 485 | 261 (53,8%) | **540** | **339** | 30% |
| **Струга** | 1600 | 1243 (77,68%) | 1539 | 1249 (81,1%) | **1449** | **1166** | -7% |
| **Струмица** | 6459 | 4973 (76,9%) | 4856 | 3757 (77,3%) | **5634** | **4596** | 22% |
| **Св.Николе** | 843 | 540 (64%) | 897 | 867 (96,6%) | **1142** | **978** | 13% |
| **Тетово** | 5585 | 3418 (61,1%) | 5945 | 3164 (53,2%) | **6513** | **3712** | 17% |
| **Штип** | 5062 | 3812 (75,3%) | 4410 | 3154 (71,5%) | **4995** | **3441** | 9% |
| **ВКУПНО** | 166943 | 81389 (48,75%) | 146299 | 76496 (52,2%) | **198084** | **100068 (51%)** | 31% |

Забележан е раст на вкупниот број на примени предлози за издавање на решенија за нотарски платен налог кој во 2020 изнесувал 146.299 предмети, а во 2021 година 198.084 предмети, што преставува зголемување за 51.785 предмети или за 35%. Притоа овој тренд на зголемување се забележува во 22 подрачја на основните судови (Скопје, Битола, Виница, Гевгелија, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Кратово, Кавадарци, Крива Паланка, Крушево, Неготино, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Струмица, Свети Николе, Тетово и Штип) додека на останатите подрачја има намалување на предметите.

Процентот на реализација на предметите, односно нивна правосилност и извршност во 2021 година е намален и изнесува 51%, но забележан е раст на номиналната бројка на правосилни предмети. Па така во 2021 година, правосилни станале 100,068 предмети, што е 31% раст во споредба со 2020 година, кога правосилни станале 76.496 предмети.

### *3.4 Изготвени и потврдени задолжници*

Задолжницата како правен инструмент за обезбедување на паричните побарувања помеѓу правните субјекти беше воведена со донесување на Законот за задолжница („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2012 и 12/2014 ) кој започна да се применува од 01.09.2012 година.

Интензитетот на примената на овој правен инструмент континуирано слабее, па споредувајќи ги податоците со 2020 година кога во Регистарот на задолжници немаше издадено нови задолжници, и нема избришано ниту една задолжница и во 2021 година во Регистарот на задолжници нема издадено нови задолжници, и нема избришано ниту една задолжница. **Веќе 3 години нананзад во Информациите на Министерството за правда се укажува на потребата за анализа на целисходноста на Законот за задолжници кој очигледно не заживеа во правниот промет на Република Северна Македонија, и негово целосно укинување.**

### *3.5. Вкупен број на уписи во уписниците кои ги водат нотарите*

Според член 153 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“

бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година да достави финансиски писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој го наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатена такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството за правда.

Според добиените податоци од Нотарската комора од годишниот извештај за работењето на нотарите во 2021 година, 222 нотари доставиле писмен извештај за своето работење, а двајца нотари на кои им престана нотарската служба во 2021 по нивно барање не доставиле писмен извештај за своето работење за 2021 година.

Според податоците, во 2021 година нотарите на територијата на Република Северна Македонија извршиле вкупно 131.329 уписи во ОДУ уписниците (нотарски акти и солемнизации), 1.462.454 уписи во Уписниците за заверки и потврди (заверки на потписи, преписи, преводи), 198.384 упис во Уписникот за донесување на решенија врз основа на веродостојни исправи (нотарски платни налози), 22.753 уписи во Уписникот за доверени работи, нема ниту еден упис во Уписникот за протести и 4 уписи во Депозитната книга.

Притоа нотарите оствариле бруто нотарска награда во износ од 987.868.033,00 денари (15.940.580 ЕУР) и наплатиле судски такси во вкупен износ од 164.591.599,00 денари (2.654.703 ЕУР). Вкупниот износ на трошоци кој го прикажале нотарите во работењето во текот на 2021 година изнесува 597.868.033,00 денари (9.608.555 ЕУР), а вкупниот износ на остварена нето добивка изнесува 390.336.679,00 денари (6.338.674 ЕУР).

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед на вкупен број на уписи во Општиот деловен уписник ОДУ за 2019 година, за 2020 година и за 2021 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2020 година и 2021 година изразена во проценти, по подрачја на основните судови

ТАБЕЛА 4 : Општ деловен уписник (ОДУ)

| **Подрачја на нотарите** | **Број на ОДУ предмети во 2019 година** | **Број на ОДУ предмети во 2019 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2019/2020** | **Број на ОДУ предмети во 2019 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2020/2021** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 48232 | 48243 (0,02%) | 49532 (2,67%) |
| **Битола** | 6519 | 5499 (-15,64%) | 6348 (15,43%) |
| **Берово** | 1408 | 1207 (-14,27%) | 1419 (17,56%) |
| **Велес** | 4697 | 3931 (-16,30%) | 4774 (21,44%) |
| **Виница** | 918 | 685 (-25,38%) | 1151 (68%) |
| **Гевгелија** | 3138 | 2651 (-15,51%) | 2973 (12,14%) |
| **Гостивар** | 9653 | 7291 (-24,46%) | 9483 (30%) |
| **Дебар** | 961 | 552 (-42,55%) | 772 (39,85%) |
| **Делчево** | 1673 | 1402 (-16,19%) | 1858 (32,52%) |
| **Кичево** | 2082 | 1410 (-32,27%) | 2014 (42,83%) |
| **Кочани** | 3146 | 2521 (-19,86%) | 3260 (29,31%) |
| **Куманово** | 9104 | 6710 (-26,29%) | 7947 (18,43%) |
| **Кратово** | / | / | 163 |
| **Кавадарци** | 2100 | 1849 (-11,95%) | 3005 (62,52%) |
| **Крива Паланка** | 1047 | 713 (-31,90%) | 1016 (42,49%) |
| **Крушево** | 321 | 110 (-65,73%) | 394 (258%) |
| **Неготино** | 1054 | 843 (-20,01%) | 936 (11%) |
| **Охрид** | 3916 | 3450 (-11,89%) | 4340 (25,79%) |
| **Прилеп** | 5653 | 5261 (-6,93%) | 5804 (10,32%) |
| **Радовиш** | 191 | 987 (413,61%) | 1336 (35,35%) |
| **Ресен** | 1376 | 1032 (-25%) | 1682 (62,98%) |
| **Струга** | 7563 | 2406 (-68,18%) | 2973 (23,56%) |
| **Струмица** | 6835 | 4928 (-27,90%) | 6320 (28,24%) |
| **Свети Николе** | 640 | 500 (-21,87%) | 895 (79%) |
| **Тетово** | 7646 | 5856 (-23,41%) | 6689 (14,22%) |
| **Штип** | 4464 | 3394 (-23,96%) | 4245 (25%) |
| **ВКУПНО** | 134337 | 113431 (-15,56%) | 131329 (15,77%) |

Од анализата на податоците за 2021 година споредбено со 2020 година, може да се констатира дека нотарите на територијата на Република Северна Македонија во текот на 2021 година споредбено со 2020 година, извршиле 17.898 повеќе уписи во ОДУ уписниците (нотарските акти и солемнизации) или искажано во проценти 15,77% зголемување. Растот на предметите е евидентен кај сите нотари на подрачјата на Основните судови во РСМ. па така, најголемо зголемување на бројот на уписите во ОДУ уписникот прикажале нотарите за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе и тоа зголемување од 79%, додека најмало зголемување е забележано за подрачјето на основните судови на градот Скопје само 2,67%.

За подрачјето на Основниот суд во Кратово, како резултат на именувањето на еден нотар се забележуваат 163 уписи, за разлика од 2020 година кога немаше податоци поради престанок на нотарската служба на нотарот на ова подрачја.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед на вкупен број на уписи во Уписникот за заверки и потврди за УЗП за 2019 година, за 2020 година и за 2021 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2020 година и 2021 година изразена во проценти (предмети кои се однесуваат на заверка на потписи, преписи и преводи).

Бројот на уписите во Уписниците за заверки и потврдите за 2021 година е зголемен за 306.402 уписи или за 26,5% повеќе, во споредба со 2020 година.

Во 2021 година во споредба со 2020 година, зголемување на бројот на извршените уписи „УЗП“ е забележан кај сите нотари.

Најголемо зголемување на бројот на уписи прикажале нотарите за подрачјето на Основниот суд во Крушево за 299% и Основниот суд во Радовиш за 78,48%.

За подрачјето на Основниот суд во Кратово, за разлика од 2020 година кога немаше податоци поради престанок на нотарската служба на нотарот на ова подрачје, во 2021 година има 2075 уписи што се должи на именувањето на 1 нотар за ова подрачје.

ТАБЕЛА 5 : Уписник за заверки и потврди-УЗП

| **Подрачје на нотарите** | **Број на УЗП предмети во 2019 година** | **Број на УЗП предмети во 2020 година** | **Број на УЗП предмети во 2021 година** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 571034 | 499994 (-12,44%) | 613850 (22,77%) |
| **Битола** | 73532 | 64495 (-12,28%) | 74769 (15,92%) |
| **Берово** | 6916 | 5749 (-16,87%) | 7236 (25,86%) |
| **Велес** | 38144 | 30709 (-19,49%) | 39928 (30%) |
| **Виница** | 7306 | 5756 (-21,21%) | 8248 (43,29%) |
| **Гевгелија** | 28237 | 22499 (-20,32%) | 28335 (25,93%) |
| **Гостивар** | 53855 | 43723 (-18,81%) | 53101 (21,44%) |
| **Дебар** | 8933 | 6814 (-23,72%) | 10145 (48,88%) |
| **Делчево** | 10408 | 8560 (-17,75%) | 12414 (45%) |
| **Кичево** | 27543 | 21891 (-20,52%) | 29442 (34,49%) |
| **Кочани** | 26987 | 23729 (-12,07%) | 29922 (26%) |
| **Куманово** | 72779 | 69388 (-4,65%) | 93420 (34,63%) |
| **Кратово** | / | / | 2075 |
| **Кавадарци** | 26749 | 22109 (-17,34%) | 31313 (41,63%) |
| **Крива Паланка** | 5545 | 15731 (183,69%) | 19905 (26,53%) |
| **Крушево** | 2293 | 543 (-76,31%) | 2171 (299%) |
| **Неготино** | 12253 | 10244 (-16,39%) | 12476 (21,78%) |
| **Охрид** | 45547 | 38123 (-16,29%) | 48016 (25,95%) |
| **Прилеп** | 53922 | 45656 (-15,32%) | 59449 (30,21%) |
| **Радовиш** | 1343 | 9351 (596,27%) | 16690 (78,48%) |
| **Ресен** | 10369 | 8399 (-18,99%) | 11337 (34,98%) |
| **Струга** | 28252 | 24877 (-11,94%) | 30066 (20,85%) |
| **Струмица** | 55545 | 39719 (-28,49%) | 56220 (41,54%) |
| **Свети Николе** | 7846 | 7814 (–0,40%) | 11119 (42,29%) |
| **Тетово** | 109833 | 91450 (-16,73%) | 110316 (20,62%) |
| **Штип** | 47941 | 38729 (-19,21%) | 50491 (30,37%) |
| **ВКУПНО** | 1333112 | 1156052 (-13,28%) | 1462454 (26,5%) |

## 4. Финансиска состојба на нотарите

Во прилог на Информацијата прикажан е табеларен преглед (табела 6) за вкупните остварени приходи на нотарите по основ на нотарска награда, расходите на нотарите, нето добивката по одбивање на расходите, просекот по нотар од соодветно подрачје по прикажан приход и просекот по нотар по остварена нето добивка и тоа споредбено за 2020 и 2021 година.

Од анализата на доставените податоци може да се констатира дека во 2021 година во однос на 2020 година забележано е зголемување на вкупните приходи на

нотарите за 25% , расходите се зголемени за 20,9 %, додека остварената добивка е зголемена за 32,5%, што покажува дека во 2021 година обемот на работата на нотарите и покажаните и остварените резултати биле зголемени.

4.1. Вкупни приходи

Во 2021 година нотарите оствариле вкупно приходи во износ од 987,792,446,00 денари, што претставува зголемување на вкупните приходи во однос на 2020 година кога вкупните приходи изнесувале 790,294,008,00 денари или зголемување на приходот за 25 %.

Зголемување на приходот е забележано за сите подрачја на Основните судови а во ниедно подрачје не е евидентирано намалување на вкупните приходи на нотарите. Најголем пораст на приходите е забележан за подрачјето на Основниот суд во Крушево за 273% со оглед на тоа што на ова подрачје беше именуван само еден нотар на кого му престана службата по негово барање во месец март 2020 година па со отпочнувањето на вршењето на нотарската служба на ново именуваниот нотар, евидентиран е пораст на приходите. Исто така забележан е пораст на приходите и за подрачјата на Основните судови во Свети Николе за 77% , во Виница за 62,1%, и во Радовиш за 61,1%, на кои подрачја претходно беше именуван само по еден нотар кој ја вршеше нотарската служба, така што именувањето на нови нотари за овие подрачја придонесе за зголемување на вкупниот приход на нотарите. Зголемување на приходите е забележано и за подрачјето на Основниот суд во Кичево за 52,2%, на подрачјето на Основниот суд во Дебар за 48,7%, на подрачјето на Основниот суд во Кочани за 41%, на подрачјето на Основниот суд во Неготино и Ресен за 39%, на подрачјето на Основниот суд во Делчево 35%, на подрачјето на Основниот суд Струмица за 29%, на подрачјето на Основниот суд во Прилеп за 28,5 % на подрачјето на Основниот суд Куманово и Охрид за 26%, на подрачјето на Основниот суд во Гостивар 24%, на подрачјето на Основниот суд во Велес 23,9%, на подрачјето на Основниот суд во Штип 22,9 %, на подрачјето на основните судови на градот Скопје за 22,4% и на подрачјето на Основниот суд Тетово 20,4%.

4.2 Расходи

Вкупните расходи на ниво на нотаријат во 2021 година изнесуваат 597,868,033 денари и истите се зголемени за 20,9 % во однос на 2020 година. Ако се разгледуваат расходите по подрачја на основните судови зголемување на расходите во 2021 година споредбено со 2020 година се констатира генерално зголемување на расходите кај сите нотари, а најголем пораст на расходите прикажале нотарите од следните подрачја: Крушево за 200%, Кавадарци за 131%, Свети Николе за 99,4%, Кичево за 73%, Кочани за 30%, но ова се должи на тоа што на овие подрачја е зголемен бројот на нотарите, па со самото тоа се зголемуваат и расходите во нотарското работење. Намалување на расходите ви низок процентуален износ имаат прикажано само нотарите од три нотарски подрачја односно нотарите од Крива Паланка за 10% и Струга за 6,7% и од Неготино за 2,4%.

**Воедно се забележува континуиран тренд на енормно зголемен процент на расходи кај поединечни нотари, кој надминува 90% од нивните реализирани приходи, а тоа е особено присутно во канцелариите со највисоко остварените приходи. Министерството за правда смета дека е неопходно Управата за јавни приходи да направи соодветна анализа на податоците на нотарите искажани во нивните годишни сметки, бидејќи ваквите податоци ја извитоперуваат целокупната слика за финансиските ефекти од работењето на нотарите(приходи/добивка) што може да наведат кон креирање на погрешни политики во сферата на нотаријатот.**

4.3. Добивка

Во 2021 година нотарите оствариле вкупна добивка од 390,336,679,00 денари што претставува зголемување за 32,5% во однос на 2020 година кога добивката изнесувала 294,516,342,00 денари. Притоа, трендот на зголемување на добивката во 2021 година споредено со 2020 година е евидентирано кај нотарите од сите подрачја а најзначаен и најголем пораст е забележан кај нотарите од Виница и Крушево, што се должи на околноста дека во 2020 година во овие подрачја биле прикажани помали добивки а нотарската служба ја вршел само по еден нотар, така што порастот на добивката во 2021 година доведува до прикажан најголем пораст во добивката на нотарите од

овие две подрачја, ( **односно за пет пати во Крушево каде во 2020 година била прикажана добивка од 115,066,00 денари, а за 2021 година имало 695,538,00 денари, додека за Виница изнесува 38 пати, со оглед на тоа што во 2020 година имало прикажана добивка од само 26.000,00 денари, а во 2021 година била прикажана добивка од 1,036,578,00 денари).**

Пораст на добивката прикажале и нотарите во Крива Паланка за 164%, во Радовиш за 149%, во Струга за 138%, во Ресен за 133%, во Неготино за 106%, во Дебар за 95%, во Куманово и Свети Николе за 57%, во Кичево, Струга и Струмица за 54%, во Охрид за 55%, во Гостивар за 40%, во Велес за 36%, во Тетово за 35 % и во Скопје за 26,7 %. Единствено на подрачјето на Основен суд во Кавадарци за 2021 година е забележано намалување на добивката за 20,7 % во однос на 2020 година.

Најголемите добивки во номинален износ се забележани на подрачјето на Скопје, а потоа следуваат Струмица, Битола, Охрид, Куманово и Тетово, што е очекувано и одговара на големината на подрачјата и развиеноста на правниот промет на истите.

Поединечните анализи покажуваат дека за подрачјето на основните судови на градот Скопје, 1 нотар во Скопје има остварено добивка од над 12.000.000,00 денари, 3 нотари оствариле добивка над 10.000.000,00 денари, 4 нотари оствариле добивка над 7.000.000,00 денари, 3 нотари оствариле добивка од над 6.000.000,00 денари, а останатите нотари ја реализирале преостанатата добивка на подрачјето на основните судови на градот Скопје. Ова укажува на фактот дека постои огромна диспропорција во работата и добивката на нотарите за подрачјето на другите основни судови на територијата на РСМ и на нотарите за подрачјето на градот Скопје. Нотарите именувани на подрачјето на основните судови на градот Скопје во 2021 година имаат остварено добивка во вкупен износ од 196.013,612,00 денари додека вкупната остварена добивка на територијата на целата држава изнесува 390.336,679,00 денари што значи дека добивката на нотарите од Скопје изнесува 50,2 % од вкупната добивка на сите нотари од останатите подрачја на другите основни судови.

Во 2021 година вкупниот нето приход на нотарите е зголемен за 25 %, во однос на 2020 година, расходите се зголемени за 20,9%, а исто така се забележува и зголемување на добивката за 32,5 % . Остварениот приход по нотар е зголемен за 3,6 %, а остварената добивка по нотар е зголемена за 9,8%. Оттука може да се заклучи

дека во 2021 година е евидентран позитивен тренд на пораст на приходите и добивката на нотарите споредено со 2020 година кога поради пандемијата со вирусот Ковид 19 и намалениот обем и раст на економијата и стопанството, во нашата држава беше констатирано намалување на приходите и расходите на нотарите.

Во прилог на Информацијата е и табела 7 во која се прикажани податоци за нотарите од соодветно подрачје на Основен суд за висината на остварениот вкупен приход и по прикажаните расходи колку од нотарите прикажале нето добивка до 1 милион денари, од 1 до 2 милиони денари, од 2 до 3 милиони денари, од 3 до 5 милиони денари и над 5 милиони денари.

Видно од податоците прикажани во табелата 7, вкупните приходи до 1 милион денари во 2020 година прикажале 10 нотари, а по истиот основ во 2021 година прикажале 20 нотари, односно нето добивка до 1 милион денари во 2020 година прикажале 94 нотари, а во 2021 година по истиот основ прикажале 107 нотари.

Вкупните приход од 1 до 2 милиони денари во 2020 година прикажале 36 нотари, а во 2021 година по истиот основ прикажале 39 нотари, односно нето добивка од 1 до 2 милиони во 2020 година прикажале 33 нотари, а по истиот основ во 2021 година прикажале 50 нотари.

Вкупните приход од 2 до 3 милиони во 2020 година прикажале 29 нотари, а по истиот основ во 2021 година 36 нотари, односно нето добивка од 2 до 3 милиони во 2020 година прикажале 25 нотари, а по истиот основ во 2021 година прикажале 28 нотари.

Вкупен приход од 3 до 5 милиони во 2020 година прикажале 59 нотари, а по истиот основ во 2021 година прикажале 61 нотари односно нето добивка од 3 до 5 милиони во 2020 година прикажале 16 нотари, а по истиот основ во 2021 година прикажале 23 нотари.

Вкупен приход над 5 милиони во 2020 година прикажале 50 нотари, а по истиот основ во 2021 година 66 нотари, односно нето добивка над 5 милиони во 2020 година прикажале 16 нотари, а по истиот основ во 2021 година прикажале 14 нотари.

### *5. Именување, престанок на службата и надзор над работењето на нотарите*

Бројот на нотарите за подрачјата на основните судови е определен со Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.226/16) и според Правилникот, вкупниот број на нотарите во Република Македонија изнесува 228 нотари, а во моментов нотарската служба ја извршуваат 213 нотари, со кој се опфатени нотарите од Куманово, Охрид, Струга и Тетово на кои им престана нотарската служба поради навршени 64 години, како и тројца нотари на кои им престана нотарска служба по нивно барање во јануари, и во месец февруари, а на еден нотар му мирува нотарската служба.

Во 2021 година нотарската служба ја вршеа 222 нотари од кои во текот на 2021 година на четворица нотари им престана службата нотар поради навршени 64 години возраст, а на тројца нотари им престана нотарската служба по нивно барање.
достави

Во 2020 година, распишан е и 40 конкурс за именување на нотари и при тоа во текот на 2020 година именуван е само еден нотар за подрачјето на Основните судовн на градот Скопје, а за останатите нотарски места, нотарите се именувани во тековната 2021 година и тоа за подрачјето на Основниот суд во Тетово именуван е еден нотар, за подрачјето на Основниот суд во Гостивар именувани се тројца нотари, за подрачјето на Основниот суд во Ресен именуван е еден нотар, за подрачјето на Основниот суд во Прилеп именуван е еден нотар и за подрачјето на Основниот суд во Битола именуван е еден нотар и за подрачјето на Основните судовн на градот Скопје именуван е еден нотар, од кои еден нотар за Подрачјето на Основниот суд во Гостивар, не започна со работа согласно одредбите од Законот за нотаријатот поради што Министерството за правда изготви решение за престанок на службата на нотарот.

Во текот на 2021 година, распишани се 41-виот и 42-риот Конкурс за 15 нотарски места за 6 подрачја на Основните судови во Република Северна Македонија, при што по 41-виот Конкурс именувани се пет нотари и тоа по еден

нотар за подрачјето на Основниот суд во Струмица, Основниот суд во Кичево, Основниот суд во Дебар, Основниот суд во Прилеп и еден нотар за подрачјето на Основните судовн на градот Скопје. По 42-риот Конкурс именуван е еден нотар за подрачјето на Основните судови на градот Скопје.

Во нотарските канцеларии вкупно се вработени 629 лица од кои 65 во својство на помошник - нотар, 171 нотарски стручни соработници, 102 нотарски приправници, 23 нотарски приправници-волонтери и 268 административни службеници. Во споредба со изминатите години во 2021 година забележано е зголемување на помошници нотари, нотарски стручни соработници, нотарски приправници, и на административните службеници, а забележано е само намалување на нотарските праправници-волонтери

### *6. Надзор над законитоста на работењето на нотарите*

Согласно Законот за нотаријатот, министерот за правда врши надзор над законитоста на работењето на нотарите како и надзор над законитоста и ефикасноста на работењето на Нотарската комора на Република Македонија.

Надзорот над работата на нотарите кој го врши Министерството за правда е во насока на воедначување и унифицирање во постапувањето на нотарите при вршењето на нотарската служба, а надзорот по конкретни предмети се врши по поднесени претставки против работењето на нотарите.

Редовниот надзор над работењето на нотарите го опфаќа надзорот над работата на нотарите во делот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и нивното издавање, уредноста на архивата на нотарот, формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи на нотарите, елекронското водење на уписниците и имениците согласно Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување („Службен весник на РМ" бр.226/16 и 171/19), Правилникот за формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи („Службен весник на РМ“ бр.226/16 и 171/19) Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од

вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на РМ" бр.226/16, 80/17 и 110/18), кoi започна да се применува од 01.07.2020 година, Правилникот за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот („Службен весник на РМ" бр.75/19), Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет („Службен весник на РМ" бр.76/2012), како и целокупното работење на нотарите при вршењето на нотарската служба, освен во оставинските предмети каде надзор вршат судовите кои им ја довериле работата на нотарите.

Министерството за правда во 2020 година изврши вкупно 20 надзори, од кои 19 редовни надзори и една по поднесена претставка согласно Законот за постапување по претставки и предлози.

Министерството за правда во 2021 година прими 41 претставка, од кои 36 претставки се завршени согласно **член 5 од Правилникот за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.75/19) односно со одговор до подносителите.**

Врз основа на состојбите констатирани во Извештаите од извршените надзори, министерството за правда како овластен предлагач согласно Законот за нотаријатот во 2021 година до Дисциплинскиот совет при Нотарската комора, согласно членот 134 став (1) и (4) од Законот за нотаријатот поднесе 4 предлози за поведување на дисциплинска постапка.

Претседателот на Нотарската комора во текот на 2021 година до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора има нема поднесено ниту еден предлог за поведување на Дисциплинска постапка до Дисциплинскиот совет при Нотарската комора

Од предлозите поднесени од страна на Министертвото, Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2021 година, разгледал 3 (три) и ги донел следните дисциплински мерки:

-една парична казна

- една ослободување од одговорност

- една отфрлање на предлогот поради настапена застареност.

Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2021 година, постапувал и по 5 (пет) предлози за поведување на дисциплинска постапка од предходната 2020 година и тоа 2 предлога поднесени од Претседателот на Нотарската комора и 3 предлози поднесени од Министерството за правда.

Два предлози за дисциплинска постапка поведени против еден ист нотар биле споени во еден предмет, па поради наведеното биле разгледани вкупно четири предмети, при што Дисциплинскиот совет ги донел следните дисциплински мерки:

-две парични казни

- две јавни опомени.

Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2021 година, сумирано од сите премети вклучувајќи ги и дисциплинските предлози од 2020 година на одржаните седници разгледувал вкупно 7 предмети при што биле донесени следните дисциплински мерки:

- две парични казни
- три јавни опомени
- една ослободување од одговорност
- една отфрлање на предлогот поради настапена застареност.

За дисциплински предмет за кои е изречена дисциплинска мерка-парична казна, поднесена е тужба и поведен е спор пред Управниот суд.

Дополнително од страна на Дисциплинскиот совет било разгледано и барање од нотар за повторување на дисциплинската постапка завршена со со правослна одлука на Дисциплинскиот совет, по што било одбиено како неосновано.

Во текот на 2021 година до Второстепениот Дисциплински совет на Нотарската комора биле поднесени три жалби против решенијата на Дисциплински совет на Нотарската комора со кој биле изречени Дисциплински мерки.

Второстепениот Дисциплински совет на Нотарската комора ги разгледал сите три поднесени жалби против одлуките на Дисциплинскиот совет каде биле изречени следните дисциплинските мерки и тоа:

Еден дисциплински предмет каде е изречена дисциплинска мерка парична казна и шест месеци привремено одземање од вршење на нотарската служба и два дисциплински предмети во кои се изречени парични казни, при што биле донесени следните одлуки:

- Жалбата против решението на Дисциплински совет со кое е изречена Дисциплинска мерка парична казна и 6 (шест) месеци привремено одземање на право на вршење на нотарска служба, делумно била усвоена, односно решението во еден дел се укинал и вратен на повторно одлучување, а дел од решението било потврдено.

- Жалбите против решенијата на Дисциплински совет со кои биле изречени Дисциплински мерки парична казна, второстепениот Дисциплиски совет ја усвоил едната жалба и истата била вратена на повторно одлучување, а за втората жалба Второстепениот дисциплински совет ја отфрлил и против неа нотарот повел управен спор.

***7. Соработка на Министерството за правда и Нотарската комора на Република Македонија***

Министерството за правда има постојана соработка со Нотарската комора на Република Северна Македонија, се со цел да се придонесе во развојот и унапредувањето на нотаријатот во Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2021 година со следните:

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Се задолжува Управата за јавни приходи во рок од три месеци да изврши соодветна анализа на податоците прикажани во нивните годишни сметки и тоа за последните пет изминати години, осебно кај нотарите кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи трошоци во работењето.

2. Се задолжува Министерството за финансии да направи анализа на целисходноста на Законот за задолжница, и за потребата од негово целосно укинување.

3. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии, во рок од три месеци да направат консутација со стопанските комори во Република Северна Македонија пред да се донесе конечната одлука за примената на Законот за нотаријатото и Законот за задолжница.

Табела: 6

| Подрачје | Бруто приходи | Расходи | Бруто приходи | Расходи | Бруто Приходи | Расходи | Вкупно нето приход (ДОБИВКА) | | | Просек по нотар по вкупен приход | Просек по нотар по добивка | Просек по нотар по вкупен приход | Просек по нотар по добивка | Просек по нотар по вкупен приход | Просек по нотар по добивка | % на зголемување/ намалување на бруто приход | % на зголемување/намалување на расход | % на зголемување/ намалување на добивка | % на зголемување /намалување на просек по нотар по вкупен приход | % на зголемување /намалување на просек по нотар по вкупна добивка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2019 | 2020 | 2021 | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2020/2021 | 2020/2021 | 2020/2021 | 2020/2021 | 2020/2021 |
| Скопје | 432,254,367 | 249,193,167 | 386,652,074 | 231,891,732 | 473,074,560 | 277,060,948 | 182,929,195 | 154,760,342 | 196,013,612 | 6,549,308 | 2,771,654 | 6,071,438 | 2,418,130 | 6,956,978 | 2,882,553 | 22.4 | 19.5 | 26.7 | 14.6 | 19.2 |
| Битола | 50,278,069 | 24,838,537 | 45,641,592 | 25,810,337 | 53,409,839 | 31,109,477 | 25,439,514 | 19,831,255 | 22,300,362 | 4,570,733 | 2,312,683 | 4,564,159 | 1,983,125 | 3,814,988 | 1,592,883 | 17.0 | 20.5 | 12.5 | -16.4 | -19.7 |
| Берово | 4,388,770 | 3,081,628 | 5,108,097 | 3,789,549 | 5,804,596 | 4,310,723 | 1,307,142 | 1,318,548 | 1,493,873 | 1,462,923 | 435,714 | 1,702,699 | 439,516 | 1,934,856 | 497,957 | 13.6 | 13.8 | 13.3 | 13.6 | 13.3 |
| Велес | 23,464,606 | 12,745,210 | 18,615,033 | 11,472,338 | 23,063,052 | 13,334,679 | 10,719,396 | 7,142,695 | 9,727,743 | 3,352,086 | 1,531,342 | 6,520,227 | 1,020,385 | 2,882,881 | 1,215,967 | 23.9 | 16.2 | 36.2 | -55.8 | 19.2 |
| Виница | 5,359,139 | 3,251,407 | 3,111,491 | 3,085,491 | 5,044,315 | 4,007,737 | 2,107,732 | 26,000 | 1,036,578 | 5,359,139 | 2,107,732 | 3,111,491 | 26,000 | 2,522,157 | 518,289 | 62.1 | 29.9 | 3886.8 | -18.9 | 1893.4 |
| Гевгелија | 21,449,916 | 13,864,066 | 19,448,076 | 12,825,443 | 22,813,122 | 13,326,585 | 7,585,850 | 6,622,633 | 9,486,537 | 3,574,986 | 1,264,308 | 3,241,346 | 1,103,772 | 3,802,187 | 1,581,089 | 17.3 | 3.9 | 43.2 | 17.3 | 43.2 |
| Гостивар | 33,634,875 | 19,958,452 | 29,451,696 | 22,769,771 | 36,530,014 | 27,229,396 | 10,191,211 | 6,681,925 | 9,300,645 | 3,737,208 | 1,132,356 | 3,272,410 | 742,436 | 3,320,910 | 845,513 | 24.0 | 19.6 | 39.2 | 1.5 | 13.9 |
| Дебар | 4,314,650 | 2,150,723 | 3,542,967 | 2,055,434 | 5,268,810 | 3,175,776 | 2,163,927 | 1,487,533 | 2,093,034 | 4,314,650 | 2,163,927 | 3,542,967 | 1,487,533 | 1,756,270 | 697,678 | 48.7 | 54.5 | 40.7 | -50.4 | -53.1 |
| Делчево | 5,611,783 | 3,180,895 | 4,424,133 | 3,278,035 | 5,980,125 | 3,743,208 | 2,430,888 | 1,146,098 | 2,236,917 | 2,805,891 | 1,215,444 | 2,212,066 | 1,146,098 | 2,990,002 | 1,118,458 | 35.2 | 14.2 | 95.2 | 35.2 | -2.4 |
| Кичево | 11,517,600 | 5,895,666 | 9,222,633 | 6,039,340 | 14,040,591 | 10,467,777 | 5,651,934 | 3,183,293 | 3,572,814 | 2,303,520 | 1,130,386 | 2,305,658 | 795,823 | 2,005,850 | 510,402 | 52.2 | 73.3 | 12.2 | -13.0 | -35.9 |
| Кочани | 17,237,244 | 8,089,594 | 13,339,260 | 7,142,354 | 18,834,673 | 9,282,765 | 9,147,650 | 6,196,906 | 9,551,908 | 5,754,748 | 3,049,216 | 4,446,420 | 2,065,635 | 3,766,934 | 1,910,381 | 41.2 | 30.0 | 54.1 | -15.3 | -7.5 |
| Куманово | 42,072,355 | 24,888,093 | 36,478,192 | 24,422,236 | 46,124,587 | 27,613,694 | 17,187,542 | 12,055,956 | 18,923,789 | 3,506,029 | 1,432,295 | 3,039,849 | 1,004,663 | 3,294,615 | 1,351,699 | 26.4 | 13.1 | 57.0 | 8.4 | 34.5 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,536,467 | 744,334 | 0 | 0 | 792,133 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,536,467 | 792,133 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Кавадарци | 17,501,305 | 8,126,214 | 14,203,450 | 5,645,830 | 19,854,052 | 13,053,893 | 9,375,091 | 8,577,620 | 6,800,159 | 5,833,768 | 3,125,030 | 7,101,725 | 4,278,810 | 3,309,008 | 1,133,359 | 39.8 | 131.2 | -20.7 | -53.4 | -73.5 |
| Крива Паланка | 5,826,628 | 3,853,630 | 4,678,532 | 4,022,082 | 5,539,440 | 3,621,325 | 1,972,998 | 656,450 | 1,738,115 | 2,913,314 | 986,499 | 2,339,266 | 312,725 | 2,679,720 | 869,057 | 18.4 | -10.0 | 164.8 | 14.6 | 177.9 |
| Крушево | 1,460,150 | 1,006,457 | 476,309 | 361,243 | 1,779,449 | 1,083,911 | 453,693 | 115,066 | 695,538 | 1,460,150 | 453,693 | 476,309 | 115,066 | 1,779,449 | 695,538 | 273,6 | 200.0 | 504,5 | 273,6 | 504,5 |
| **Неготино** | 8,803,788 | 4,570,495 | 7,401,709 | 4,594,885 | 10,294,310 | 4,486,285 | 4,233,293 | 2,806,824 | 5,808,025 | 4,401,894 | 2,116,646 | 3,700,854 | 1,403,412 | 5,147,155 | 2,904,012 | 39.1 | -2.4 | 106.9 | 39.1 | 106.9 |
| **Охрид** | 31,909,485 | 18,134,311 | 27,535,636 | 18,108,126 | 34,877,323 | 20,191,261 | 13,775,174 | 9,427,510 | 14,686,062 | 3,988,685 | 1,721,896 | 3,933,662 | 1,346,787 | 4,359,665 | 1,835,757 | 26.7 | 11.5 | 55.8 | 10.8 | 36.3 |
| **Прилеп** | 31,073,397 | 16,999,589 | 28,056,553 | 16,016,119 | 36,060,751 | 22,207,485 | 14,073,778 | 12,040,434 | 13,853,266 | 5,178,899 | 2,345,629 | 4,676,092 | 2,006,739 | 4,006,750 | 1,539,271 | 28.5 | 38.7 | 15.1 | -14.3 | -23.3 |
| **Радовиш** | 864,670 | 359,681 | 5,695,513 | 4,361,886 | 9,181,121 | 5,849,994 | 504,989 | 1,333,627 | 3,331,127 | 864,670 | 504,989 | 5,695,513 | 1,333,627 | 4,590,560 | 1,665,563 | 61.2 | 34.1 | 149.8 | -19.4 | 24.9 |
| **Ресен** | 5,989,789 | 4,844,414 | 4,693,176 | 4,146,839 | 6,523,957 | 5,248,428 | 1,145,357 | 546,337 | 1,275,529 | 2,994,894 | 572,687 | 2,346,923 | 273,168 | 2,174,652 | 425,176 | 39.0 | 26.6 | 133.5 | -7.3 | 55.6 |
| **Струга** | 21,761,411 | 13,343,452 | 17,720,605 | 15,128,405 | 20,303,131 | 14,118,834 | 8,417,966 | 2,592,200 | 6,184,297 | 3,108,773 | 1,202,566 | 2,531,515 | 370,314 | 2,900,447 | 883,471 | 14.6 | -6.7 | 138.6 | 14.6 | 138.6 |
| **Струмица** | 38,819,129 | 19,623,264 | 30,439,738 | 19,326,515 | 39,391,248 | 22,219,210 | 19,195,865 | 11,113,223 | 17,172,038 | 4,852,391 | 2,399,483 | 3,804,967 | 1,389,152 | 3,939,124 | 1,717,203 | 29.4 | 15.0 | 54.5 | 3.5 | 23.6 |
| **Свети Николе** | 5,173,161 | 1,204,194 | 4,389,847 | 2,061,346 | 7,770,107 | 4,110,803 | 3,968,967 | 2,328,501 | 3,659,304 | 5,173,161 | 3,968,967 | 4,839,847 | 2,328,501 | 2,590,035 | 1,219,768 | 77.0 | 99.4 | 57.2 | -46.5 | -47.6 |
| **Тетово** | 53,523,172 | 35,235,889 | 45,357,943 | 30,783,467 | 54,627,475 | 36,475,638 | 18,287,263 | 13,374,595 | 18,151,837 | 3,568,211 | 1,219,150 | 3,489,072 | 1,028,815 | 3,641,831 | 1,210,122 | 20.4 | 18.5 | 35.7 | 4.4 | 17.6 |
| **Штип** | 27,765,407 | 15,898,628 | 24,609,753 | 15,438,982 | 30,245,331 | 19,793,894 | 11,866,779 | 9,170,771 | 10,451,437 | 2,776,540 | 1,186,677 | 2,460,975 | 917,077 | 3,024,533 | 1,045,143 | 22.9 | 28.2 | 14.0 | 22.9 | 14.0 |
| **Вкупно** | 902,054,866 | 514,337,656 | 790,294,008 | 494,577,785 | 987,792,446 | 597,868,033 | 384,133,212 | 294,516,342 | 390,336,679 | 4,747,657 | 2,021,753 | 4,295,076 | 1,600,632 | 4,449,515 | 1,758,273 | 25.0 | 20.9 | 32.5 | 3.6 | 9.8 |

Табела: 7

| Подрачје на нотар | Вкупен приход до 1 милион ден. | | | Вкупен приход од 1 до 2 милиони ден. | | | Вкупен приход од 2 до 3 милиони ден. | | | Вкупен приход од 3-5 милиони ден. | | | Вкупен приход над 5 милиони ден. | | | Добивка до 1 милион ден.по прикажани трошоци | | | Добивка од 1 до 2 милиони ден. По прикажани трошоци | | | Добивка од 2 до 3 милиони ден.по прикажани трошоци | | | Добивка од 3-5 милиони ден.по прикажани трошоци | | | Добивка над 5 милиони ден.по прикажани трошоци | | | Број на нотари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | 2019 | 2020 | **2021** | |
| Скопје | 4 | 6 | **5** | 5 | 4 | **6** | 11 | 7 | **5** | 14 | 18 | **12** | 32 | 29 | **40** | 26 | 29 | **23** | 14 | 10 | **14** | 4 | 5 | **7** | 11 | 9 | **11** | 11 | 11 | **13** | **68** |
| Битола | 1 | 1 | **2** | | | **2** | 2 | | **1** | 3 | 5 | **5** | 5 | 4 | **4** | 1 | 3 | **5** | 4 | 2 | **5** | 3 | 4 | **2** | 3 | | **2** | | 1 | | **14** |
| Берово | | | | 3 | 3 | **2** | | | **1** | | | | | | | 3 | | **3** | | | | | | | | | | | 3 | | **3** |
| Велес | | | **1** | 1 | 2 | **2** | 2 | 1 | **1** | 3 | 4 | **4** | 1 | | | 3 | 4 | **4** | 2 | 3 | **2** | 2 | | **2** | | | | | | | **8** |
| Виница | | | | | | **1** | | | | | 1 | **1** | 1 | | | | 1 | **2** | | | | 1 | | | | | | | | | **2** |
| Гевгелија | | | | | 1 | | 3 | 3 | **3** | 2 | 1 | **1** | 1 | 1 | **2** | 5 | 4 | **4** | | | | | 1 | **1** | 1 | 1 | **1** | | | | **6** |
| Гостивар | | 1 | **2** | 2 | 2 | **2** | 2 | 2 | **3** | 4 | 3 | | 1 | 1 | **4** | 4 | 7 | **7** | 4 | | **3** | 1 | 2 | **1** | | | | | | | **11** |
| Дебар | | | **2** | | | | | | | 1 | 1 | **1** | | | | | | **2** | | 1 | **1** | 1 | | | | | | | | | **3** |
| Делчево | | | | 1 | 1 | **1** | | 1 | | 1 | | **1** | | | | 1 | 2 | **1** | 1 | | **1** | | | | | | | | | | **2** |
| Кичево | 1 | | **2** | 2 | 2 | **2** | | 1 | **2** | 1 | 1 | **1** | 1 | | | 3 | 3 | **6** | 1 | | | | 1 | **1** | 1 | | | | | | **7** |
| Кочани | | | | | | **1** | | | **1** | 1 | 2 | **2** | 2 | 1 | **1** | | 1 | **1** | 1 | | **2** | 1 | 2 | **1** | 1 | | **1** | | | | **5** |
| Куманово | | | **1** | 1 | 5 | **3** | 6 | 2 | **4** | 3 | 4 | **3** | 2 | 1 | **3** | 6 | 7 | **6** | 3 | 4 | **5** | 2 | | **1** | 1 | 1 | **2** | | | | **14** |
| Кратово | | | | | | **1** | | | | | | | | | | | | **1** | | | | | | | | | | | | | **1** |
| Кавадарци | | | | | | **1** | | | | 1 | | **5** | 2 | 2 | | 1 | | **3** | | | **2** | 1 | 1 | **1** | | | | 1 | 1 | | **6** |
| К.Паланка | | | | 1 | 1 | **1** | | | | 1 | 1 | **1** | | | | 1 | 2 | **2** | 1 | | | | | | | | | | | | **2** |
| Крушево | | 1 | | 1 | | **1** | | | | | | | | | | 1 | 1 | **1** | | | | | | | | | | | | | **1** |
| Неготино | | | | | | | | | | 2 | 2 | **1** | | | **1** | | | | | 2 | | 2 | | **1** | | | **1** | | | | **2** |
| Охрид | | | | 1 | 1 | **2** | 2 | 1 | | 3 | 4 | **4** | 2 | 1 | **2** | 5 | 3 | **4** | 1 | 3 | **2** | 1 | | | | 1 | **2** | 1 | | | **8** |
| Прилеп | | | **2** | 1 | 1 | **1** | | 1 | **1** | 3 | 2 | **3** | 2 | 2 | **2** | 1 | 1 | **3** | 2 | 2 | **1** | 1 | 2 | **4** | 2 | 1 | **1** | | | | **9** |
| Радовиш | 1 | | **1** | | | | | | | | | | | 1 | **1** | 1 | | **1** | | 1 | | | | **1** | | | | | | | **2** |
| Ресен | | | **1** | | 1 | | 1 | | **1** | 1 | 1 | **1** | | | | 2 | 2 | **3** | | | | | | | | | | | | | **3** |
| Струга | | | | 2 | 3 | **3** | 1 | 3 | **1** | 3 | | **2** | 1 | 1 | **1** | 4 | 7 | **4** | 1 | | **3** | 2 | | | | | | | | | **7** |
| Струмица | | 1 | **1** | 3 | 1 | **1** | | 1 | **2** | 1 | 2 | **4** | 4 | 3 | **2** | 4 | 5 | **5** | 1 | | **2** | | 1 | **1** | 2 | 2 | **1** | 1 | | **1** | **10** |
| Св.Николе | | | | | | **2** | | | | | 1 | **1** | 1 | | | | | **2** | | | | | 1 | **1** | 1 | | | | | | **3** |
| Тетово | 2 | | | 3 | 4 | **3** | 3 | 3 | **5** | 3 | 5 | **5** | 4 | 2 | **2** | 9 | 6 | **9** | 2 | 3 | **3** | 2 | 4 | **2** | 2 | | **1** | | | | **15** |
| Штип | | | | 3 | 4 | **1** | 4 | 4 | **5** | 2 | 1 | **3** | 1 | 1 | **1** | 6 | 7 | **6** | 2 | 2 | **4** | 2 | 1 | | | 1 | | | | | **10** |
| **ВКУПНО** | 9 | 10 | **20** | 30 | 36 | **39** | 37 | 29 | **36** | 53 | 59 | **61** | 63 | 50 | **66/ 222** | 87 | 94 | **108** | 40 | 33 | **50** | 26 | 25 | **27** | 25 | 16 | **23** | 14 | 16 | **14** | **222** |